**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „ДЕПРЕСИЈА ВО АДОЛЕСЦЕНЦИЈА: СКРИНИНГ, ПРЕВЕНЦИЈА И ТРЕТМАН ОД АГОЛ НА КОГНИТИВНО-БИХЕЈВИОРАЛНА ТЕРАПИЈА“ ОД ПРОФ. Д-Р ЛЕНЧЕ МИЛОШЕВА,ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2002-241/6 од 172. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 1.12.2016 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Татјана Вукосављевиќ-Гвозден, редовен професор, Катедра за клиничка психологија, Одделение за психологија, Филозофски факултет, Универзитет во Белград и КБТ и РЕБТ Центар за психотерапија, Белград, Р. Србија;
– проф. д-р Кнегиња Рихтер, редовен професор на Георг Симон Универзитет за применети науки, Парацелзиус приватен медицински универзитет и Универзитетска клиника за психијатрија и психотерапија, Нирнберг, Германија;

за изготувување на извештај, рецензија на приложениот ракопис за научна монографија „ДЕПРЕСИЈА ВО АДОЛЕСЦЕНЦИЈА: СКРИНИНГ, ПРЕВЕНЦИЈА И ТРЕТМАН ОД АГОЛ НА КОГНИТИВНО-БИХЕЈВИОРАЛНА ТЕРАПИЈА“ од авторката проф. д-р Ленче Милошева.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот**

Ракописот на научната монографија со наслов „Депресија во адолесценција: скрининг, превенција и третман од агол на когнитивно-бихејвиорална терапија“ од авторката проф. д-р Ленче Милошева, редовен професор на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, е наменет за студентите на трет циклус докторски студии на студиска програма Невронауки, Факултет за медицински науки. Имено, ракописот покрива дел од содржините на предметите од областите психопатологија и психотерапија: Когнитивни, бихејвиорални и клинички невронауки (4+3+1), 8 ЕКТС; Когниции и психопатологија (2+2+1), 5 ЕКТС и Развојни невронауки и психопатологија (2+2+1), 5 ЕКТС, од студиската програма за докторски студии Невронауки. Исто така, овој ракопис е наменет и за студентите кои се на специјализација по психијатрија, за турнусите од психопатологија и психотерапија.

**Податоци за обемот на ракописот**

Содржината на ракописот кој е наменет за издавање на научна монографија е претставен во текст од вкупно 175 страници, $A_4$ формат со единечен проред, користен фонт Ariel со големина на букви 11, илустриран со 38 табели, 7 шеми и 1 графикон.

Ракописот е подготвен по стандардната методологија, напишан на македонски јазик, кирилиско писмо, а обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите на ретките научни монографии во светот, кои постојат во овие области. Обемот по содржини ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**

Научната монографија е резултат на долгогодишна научна и клиничка работа на проф. д-р Ленче Милошева во областа на психопатологијата и психотерапијата. Во неа се презентирани резултатите од комплексни истражувања, кои беа спроведени во рамки на втората докторска дисертација на авторката во овие области, одбранета на Универзитетот во Белград, во октомври 2015 година.

Искусно и професионално, современо ја конципирала монографијата на јасен и разбирлив јазик, поткрепена со податоци од свои најнови и светски истражувања кои ја илустрираат и документираат тематиката. Композицијата на ракописот за научната монографија по обем, структура и детален опис во целост одговара на намената за која е пишувана и слободно можеме да кажеме дека е компатибилна со најновите научни монографии од овие области во светот и дека е единствена во Р. Македонија и регионот.

**Краток опис на содржината**

За да се добие покомплетен впечаток во основната содржина на монографијата, како и да се потенцираат наши видувања за одредени поглавја содржани во нејзини рамки, во понатамошниот преглед накратко ќе се задржиме на секоја глава и поглавје.

Ракописот е презентиран со предговор, вовед, 8 глави, тематски целини, од кои понатаму се издвојуваат 18 поглавја, користена литература и прилози.

Во воведот се презентирани воведните теоретски и емпириски сознанија, како и краток осврт на темите кои ќе бидат презентирани во монографијата.

Развојната психопатологија, посебно когнитивните клинички модели на кои почива и когнитивно-бихејвиоралната терапија, како најдоминантни во светот парадигми за истражување и третирање на депресијата во адолесценцијата се теоретско-емпириската рамка каде што се сместени истражувањата чии резултати ќе бидат прикажани и дискутирани во оваа научна монографија. Главниот фокус на истражувањата е да се објаснат факторите на ризик за настанување на депресијата и развој на симптоми на депресија на примерок на адолесценти на возраст од 13 до 17 години, во три главни социодемографски региони во Р. Македонија (Штип, Источен регион; Скопје, Централен регион; Битола, Западен регион) на клинички депресивен, супклинички и контролен примерок на адолесценти, кои не пројавуваат симптоми на депресија. Скринингот на депресија е важна компонента во имплементацијата на современиот систем за ментално здравје во едно современо општество. Веруваме дека првиот чекор во превенирање на појава на клиничка депресија во текот на развојот во адолесценција е скрининг и соочување со постоење на супклиничка депресија, на континумот на психолошкиот модел на депресија.

Во првата глава, насловена *Етилогија на депресијата во адолесценција* се претставени теоретската рамка на истражувањата и прегледот на литературата. Во неа се сместени следните поглавја: Концепт на клиничка и супклиничка депресија; Когнитивна вулнерабилност за депресија: теорија и емпириски наоди, со посебен осврт на доминантни теории на когнитивна вулнерабилност и истражувања кои ја евалуирале нивната емпириска вредност: Когнитивната теорија на Бек (Beck, 1987; Clark & Beck, 1999); Теорија на безнадежност (Abramson, Metalsky, & Alloy,1989), Теорија на руминативен стил на реагирање (Nolen-Hoeksema & Morrow,1993) и Трансакционен стрес модел на когнитивна вулнерабилност (CV-TSM, Hankin & Abramson, 2001). Продолжува третото поглавје насловено како Клучни конструкти поврзани со когнитивна вулнерабилност и развој на симптоми на депресија: фактори на когнитивна вулнерабилност (Дисфункционални ставови; Негативен инференцијален стил; Руминативен стил на реагирање). Овде се претставени теоретски, но и емпириски наоди од познати светски истражувања.

Во четвртото поглавје се претставени теоретски и емпириски објаснувања за психосоцијалните фактори на ризик за депресија (Негативните животни настани, стресори; Социјалната поддршка; Пол, возраст и училиштен просек како социо-демографски фактори). Петтото поглавје од првата глава се однесува на Когнитивниот развој и когнитивните промени во период на адолесценција: појава и консолидирање на факторите на когнитивна вулнерабилност. Овде се опфатени современи емпириски наоди од светски истражувања за појавување и стабилизација на когнитивната вулнерабилност

во индивидуална диспозиција – фактори на ризик при премин од средно и доцно детство во адолесценција; Развојно потекло на когнитивната вулнерабилност и промени во меѓусебната поврзаност на факторите на когнитивната вулнерабилност, како и важноста на социјалниот контекст и промени во адолесценцијата и социјалната поддршка, поткрепени со емпириски наоди од современи светски истражувања. Во ова поглавје посебно е нагласена улогата на нормативните транзиции од средно и доцно детство во адолесценција во појавување или развој на факторите на когнитивна вулнерабилност. Во шесто поглавје се резимирани теоретските и емпириски сознанија за досега изложените теми и се претставени отворените прашања како достоен предизвик и предмет на истражувања.

Во втора глава е сместен *истражувачкиот дел*, за кој сметаме дека има посебна научна вредност бидејќи се претставени резултати од повеќе меѓусебно поврзани оригинални научни истражувања на авторот. Во седмото поглавје од оваа глава се претставени дизајнот на истражувањата, потоа целите и задачите, хипотезите на истражувањата и варијаблите, како и психолошките инструменти преку кои се операционализирани варијаблите. Во осмото поглавје детално се опишани примерокот и постапката за формирање на примероци, односно групи: клиничка, супклиника и контролна група. Исто така е опишана и статистичката обработка на податоците добиени во текот на истражувањата.

Во третата глава се претставени *Резултати од спроведените истражувања*. Најнапред, во деветтото поглавје од оваа глава се претставени резултати од истражувањето на квантитативните разлики во однос на нивото на симптоми на депресија помеѓу клиничката, супклиничката и контролната група. Потоа како логичен след се претставени резултати од истражувањето за поврзаноста помеѓу варијаблите на когнитивната вулнерабилност (дисфункционални ставови; негативен инференцијален стил и руминативен стил на реагирање), психосоцијалните варијабли (негативни животни настани, перципирана социјална поддршка), социодемографски варијабли (пол, возраст и училишен просек) од една страна и нивото на симптоми на депресија од друга. Следи десеттото поглавје во кое се претставени резултатите од истражувањето за проверка на хипотезата дека перципираната социјална поддршка ја модерира поврзаноста помеѓу негативните животни настани и нивото на симптоми на депресија.

Во поглавјето единаесет следи претставувањето на резултати од истражувањата за проверка на хипотезата дали варијаблите на когнитивната вулнерабилност се јавуваат како предиктори на симптомите на депресија во адолесценција, по појавувањето на негативните животни настани, стапувајќи со нив во интеракција и предвидувајќи го нивото на депресијата. Се надоврзуваат резултатите од истражувањата за проверка на хипотезите дали по контролирање на полот, возраста и негативните животни настани, варијаблите на когнитивната вулнерабилност еднакво придонесуваат за нивоата на симптомите на депресија. Во поглавјето дванаесет се претставени резултати од споредување на групи на адолесценти со клиничка депресија, група со супклиничка депресија и контролна група, со цел утврдување дали меѓусебно значајно се разликуваат во однос на варијаблите на когнитивна вулнерабилност (дисфункционални ставови, негативен инференцијален стил и руминативен стил на реагирање) и психосоцијални варијабли (негативни животни настани и перципирана социјална поддршка). Како последен дел, и логички след на претходно презентираните, се резултатите кои се однесуваат на значајни разлики помеѓу групи со адолесценти со клиничка и супклиничка депресија, односно дали значајно се разликуваат од контролната група во однос на варијаблите пол и возраст.

Четвртата глава е насловена *Дискусија* и, главно, е претставена преку три тематски целини. Во првата тематска целина од оваа глава, означена како поглавје тринаесет, се дискутирани резултатите и заклучоците кои се однесуваат на улоги и поврзаност на факторите на ризик во рамки на Трансакциониот стрес модел на когнитивна вулнерабилност за депресија. Овде се дискутирани и објаснети резултатите од добиените истражувања, споредени со резултати од познати светски истражувања кои се однесуваат на: поврзаност на факторите на ризик за депресија во трансакциониот стрес модел на когнитивна вулнерабилност; Предикција на нивоа на симптоми на депресија во овој модел и дискусија со воведување на интеракциите во модел со различен придонес на когнитивните варијабли (проверка на дијатеза-стрес модел). Во поглавјето четиринаесет се дискутирани

резултатите и заклучоците кои се однесуваат на улогата на перципирана социјална поддршка. Во следното поглавје петнаесет се дискутирани резултатите и заклучоците кои се однесуваат на етиолошката слика и природа на клиничката и супклиничката депресија, дилемата „димензионално versus категоријално“ во доменот на депресијата. Оваа глава завршува со интегрирана дискусија.

Петтата глава е насловена како *Превенција на депресијата во адолесценција*. Во поглавјето шеснаесет се претставени резултатите од направените анализи на систематски прегледни трудови и мета-анализи со оваа тематика. Претставените резултати се поделени по: универзални превентивни програми, селективни превентивни програми и индикативни превентивни програми.

Универзалните превентивни програми се претставени преку познати во светот емпириски евалуирани програми: превентивни програми базирани во училишта и когнитивно-бихејвиорални програми. Селективни превентивни програми се претставени преку: превентивни програми базирани во училишта; когнитивно-бихејвиорални програми и превентивни програми базирани во семејства.

Индикативните превентивни програми се претставени преку: интернет превентивни програми и интерперсонални превентивни програми.

Шестата глава е насловена *Когнитивно-бихејвиорален третман на депресија во адолесценција*. Во седумнаесеттото поглавје се опфатени Когнитивно-бихејвиоралната терапија во пракса: општ приод и Когнитивно-бихејвиоралната терапија во пракса: специфични стратегии; Преглед на современи научни трудови како поддршка за ефикасноста на когнитивно-бихејвиорален третман на депресија во адолесценција.

Во седма глава, поглавје осумнаесет, се претставени аргументите за *научната, општествената оправданост за истражувањата* претставени во оваа научна монографија и насоки за идни истражувања. Во глава осум се изнесени *заклучоците*.

Списокот на користена литература содржи голем број современи референци сите соодветно цитирани во ракописот.

## ЗАКЛУЧОК

Од досега изнесеното и образложено во рамките на оваа рецензија, Комисијата констатира дека материјалот содржан во ракописот за научната монографија „Депресија во адолесценција: скрининг, превенција и третман од агол на когнитивно-бихејвиорална терапија“ од авторката проф. д-р Ленче Милошева е плод на долгогодишна научна и клиничка работа и ги исполнува сите потребни услови да биде издаден како научна монографија. Материјалот е пишуван професионално, со јасна цел и намена, и истиот има нагласен современ карактер. Овој научен труд е оригинален, од раритетен карактер и ние сме убедени дека истиот ќе има позитивно влијание на развојот на областите психопатологија и психотерапија во Република Македонија. Студентите на трет циклус докторски студии невронауки на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ќе добијат респектабилна научна монографија напишана по европски и светски норми. Но, по својата содржина и комплексност на информациите истатата може да биде ползувана од специјализантите по психијатрија на Факултетот за медицински науки, како и во далеку поширок опсег на клиничари и научни работници. Комисијата има посебна чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ да го прифати позитивно оценетитот ракопис за научна монографија „Депресија во адолесценција: скрининг, превенција и третман од агол на когнитивно-бихејвиорална терапија“, поднесен од проф. д-р Ленче Милошева, и да отвори постапка за негово издавање во научна монографија.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Татјана Вукосављевиќ-Гвозден, с.р.**
**Проф. д-р Кнегиња Рихтер, с.р.**